Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/11
12.01 20 22 год.
СКОПЈЕ

АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

# Б И Л Т Е Н

БР. 3-2022/2023

Скопје, 12.01.2023

# С О Д Р Ж И Н А

Рецензија за избор на  наставник од научните  области кривично процесно право (51605) и друго (правосуден систем и судско право) 50835..................................................................39

Реферат за избор на наставник од областите на криминалистичка теорија и криминалистичка методика на факултетот за детективи и безбедност на Американски универзитет на Европа-ФОН……………………………………………………..………54

Реферат за избор на наставник по предмети од областа на јавна управа и јавни служби на Факултетот за детективи и безбедност при Универзитет АУЕ – ФОН, Скопје.....................59

Реферат за избор на насловен вонреден професор од научната област  применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација, кинезитерапија, друго) - 50401 – при АУЕ ФОН, Скопје.............................................................................................................65

Преглед на наслови на теми за изработка на магистерски трудови усвоени на наставно-научните совети на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН билтен бр. 3..............70

**РЕЦЕНЗИЈА**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ**

**КРИВИЧНО ПРОЦЕСНО ПРАВО (51605) И ДРУГО (ПРАВОСУДЕН СИСТЕМ И СУДСКО ПРАВО) 50835**

Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, на седница одржана на 22.12.2022 година, по објавениот конкурс за избор на наставник од областа Кривично процесно право (51605) и Друго (Правосуден систем и судско право) 50835 во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 01.12.2022, донесе одлука за формирање комисија за избор на наставник за научните области Кривично процесно право (51605) и Друго (Правосуден систем и судско право) 50835 во следниот состав:

1. **Академик проф. Владо Камбовски – претседател на комисија**
2. **Проф. д-р Гордана Лажетиќ – член**
3. **Проф. д-р Стефан Буџакоски – член.**

По разгледување на поднесената документација што ни беше доставена, рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на на Факултетот за правни и политички науки во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Скопје, го поднесува следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 01.12.2022, за избор/реизбор на наставник за научните области Кривично процесно право (51605) и Друго (Правосуден систем и судско право) 50835 се пријави:

1. Д-р Наташа Тодоровска

# I
# ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ:

1. **Д-р Наташа Тодоровска**

**Биографски податоци и обрзование на кандидатот**

Д-р Наташа Тодоровска е родена на 17.01.1987 во Скопје. Своето средно образование го продолжува во Д.С.Е.П.У. „Васил Антевски – Дрен“ и го завршува со просечен успех 5,00 и се стекнува со образовен профил правен асистент. Од 2005 до 2008 година се запишува на Факултет за правни науки, на Првиот приватен универзитет – ФОН. Правните студии од **прв циклус ги завршува со просечен успех 10,00** и се стекнува со **научен степен *дипломиран правник***. Како првенец на генерација, го продолжува своето студирање на Факултетот за правни науки на ФОН Универзитетот, постдипломско образование, втор циклус **(специјалистички) студии**, насока правосудни студии. Тие ги завршува со **просек 10,00** со што се стекнува со право на подготовка на специјалистички студии. Во ноември 2009 година го одбранува својот специјалистички труд со теза „Проучување на личноста на сторителот на казненото дело“ со што се стекнува со научен степен ***правник-специјалист по правосудство*, насока правосудни студии.** Постдипломско образование, **втор циклус (магистерски) студии ги завршува со просечен успех 10,00** и го пријавува магистерскиот труд на тема: „Постапка за утврдување на вина на сторител на казнено дело“. Со завршување на вториот циклус (магистерски) студии, се стекнува со **научен степен *магистер по правни науки*, насока правосудство**. Во 2011 година се запишува на трет циклус на правни студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје, на насоката казнено право, каде ги завршува студиите со просечна оценка 9.77. На 25.12.2017 година одбрани **докторска дисертација на тема** „Казнено-правен статус на заштитените сведоци во борбата со тешките форми на криминалитет“ пред комисија во состав на: акад. проф. д-р Владо Камбовски (ментор), проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Гордана Лажетиќ, проф. д-р Гордан Калајџиев и проф. д-р Тодор Витларов, со што се стекнува со научен степен ***доктор на правни науки од областа на казненото право***.

**Работно - професонално искуство**

Како студент со највисок просек и **првенец на генерација**, добитник на пофалници и награди од ФОН Универзитетот, прогласена е за студент со највисок просек на генерација 2005/2006, потоа за најдобар студент на генерација 2007/2008 и првенец на генерација на правни науки на генерација 2009. Од декември 2009 година на истиот е ангажирана, а на седницата одржана од Наставно-научниот совет на ден 08.03.2010 година избрана е за **демонстратор на предметот казнено право**. Како **демонстратор** ангажирана е и на **вовед во правото, казнено право, казнено процесно право и казнено право – применета програма**. Во текот на наставниот процес, во 2011 година е избрана како **помлад асистент на предметите од областа на правните дисциплини**, во 2014 година е избрана како **асистент од областа на казненото право** и повторен избор во 2016 година како **асистент од областа на казненото право** со што е ангажирана по предметите **вовед во правото, казнено право, казнено процесно право, организиран криминалитет и пенологија** на прв циклус на студии на Факултетот за правни науки и Факултетот за детективи и безбедност на ФОН Универзитетот, и по предметите **казнено право – применета програма, казнено право – посебен дел, казнено процесно право – применета програма, компаративно казнено процесно право, посебни канзнени постапки, филозофија на правото и методологија на правно-политички истражувања** на втор циклус на студии на Факултетот за правни науки на ФОН Универзитетот. Во мај 2018 година е избрана во наставно научно звање **Доцент од областа на казненото право. По изборот покрај казнено процесно право кандидатката ги предава предметите: Судско право, Казнено процесно право-применета програма, Посебни казнени постапки, Компаративно казнено процесно право, Криминалистичка тактика 2, Превенција на криминалитет и Практична обука.**

Канидатката била **ментор** на повеќе од 25 дипломски трудови, 20 специјалистички трудови и 10 магистерски трудови. Била претседател и член на комисија во повеќе од 50 одбрани на дипломски, специјалистички и магистерски труодови.

Во рамките на својот **професионален ангажман** во последните пет години д-р Тодоровска била член на уписна комисија на Факултетот за правни и политички науки за академската 2020/2021 година, член на комисија за изработка на елаборати за акредитација на студиски програми за правни науки прв и втор циклус на студии 2020/2021 година и е член на координативно тело за уписи во период 2020 2023 година.

**Научно истражувачка работа**

Во **научно-истражувачкиот процес,** според приложената документација д-р Тодоровска во последните пет години **е автор и коавтор на неколку меѓународни трудови.** Меѓу нив се:

1. Analysis of the protection of witnesses in modern criminal legislation, Vizione, 30/2018;

2. Penal-material protection of witnesses in the Republic of Macedonia, Proceedings of the Ohrid School of Natural Law 2017, Skopje, 2018;

3. INSTITUTIONAL COOPERATION AS A CHALLENGE FOR EFFICIENT IMPLEMENTATION OF THE APPROACH OF REDUCING DRUG SUPPLY, Vizione, 32/2019.

4. SUCCESSFUL RESOCIALISATION AND REINTEGRATION OF IMPRISONED PEOPLE – THE PREMISE FOR REDUCING THE RECIDIVISM, Journal of European and Balkan Perspectives ISSN: 2545-4854, Vol. II, 2019

5. The role of the operational technical agency (ota) in the implementation of the communications interception measure, Vizione, 34/2019

6. Analysis of the procedure for implementation of security measures in the Macedonian criminal legislation, Vizione, 35/2019

7. The place of reconstruction in the Macedonian criminal legislation, Centrum No. 13, 2020

8. The position of the injured in the criminal legislation of the Republic of Northern Macedonia, Spectrum, 2021

9. CRIMINAL PROTECTION OF CHILDREN FROM SEXUAL VIOLENCE, CENTRUM NO.16, 2021

10. THE WITNESS AS A EVIDENCE IN CRIMINAL PROCEEDINGS, CENTRUM NO.17, 2022

11. ANALYSIS OF ALTERNATIVE MEASURES IN THE MACEDONIAN CRIMINAL LEGISLATISON AND THE PROCEDURE FOR THEIR IMPRISONMENT, CENTRUM NO.17, 2022

Покрај објавувањето на меѓународните трудови, кандидатот д-р Тодоровска се јавува како **автор на учебници и учебни помагала**:

1. Казнено процесно право, доц. д-р Наташа Тодоровска, 2022, Издавач: Институт за правна едукација ПРОГРЕСИО, ISBN 978-608-4767-37-4

2. Доказни средства, криминалистички и кривичнопроцесни аспекти, Издавач: Институт за правна едукација ПРОГРЕСИО, 2022

и како **коавтор со акад. Владо Камбовски** на:

1. Судско право, акад. Владо Камбовски и доц. д-р Наташа Тодоровска, 2019, Издавач: Институт за правна едукација ПРОГРЕСИО, ISBN 978-608-66467-0-7

Д-р Тодоровска се јавува и **автор на следните делови** во учебникот Криминалистика: Вовед, Тактика, Техника, Методика, Теории, од проф. д-р Методија Анѓелевски, 2018 година:

1. Што се тоа заплашени, загрозени и заштитени сведоци? - Криминалистика, проф. д-р Методија Анѓелески, 2018 ISBN 978-608-65650-5-3 стр. 605-615

2.Посебни итражни мерки- Криминалистика, проф. д-р Методија Анѓелески, 2018 ISBN 978-608-65650-5-3 стр. 605-615 стр. 849-860

Во својот ангажман согласно доставената документација, д-р Тодоровска **зела учество на повеќе конференции** меѓу кои позначајни се:

1. Проф.д-р Александра Србиновска-Дончевски, доц.д-р Наташа Тодоровска „Анализа на психолошкиот профил на жените жртви на насилство”, конференција на тема „Жената како жртва на насилство-механизми за заштита и помош од институциите’’ АУЕ –ФОН, 07.12.2021

2. International Conference - WSF2020 – The 8th World Sustainability Forum, 15-17 September, 2020

3. International Conference - Boundary Spanning Champions Online Forum, Bridging University and Industry, 2-3 December, 2020

4. Prof. Assoc. Dr. Natasha Todorovska, Prof. Dr. Aleksandra Srbinovska The place of mediation in the Macedonian criminal legislation AUE FON International Scientific Conference „Contemporary Trends and Multidisciplinary Issues in Nowadays Society,, WBF Western Balkans Fund, 16th April, 2021

Д-р Наташа Тодоровска се стреми да внесе современ пристап во изведувањето на наставата, да оствари интеракција и да оствари аргументирана комуникација со студентите.

Сакајќи да го надогради и да го прошири сопственото знаење, Тодоровска во рамките на својата долгогодишна научно истражувачка работа учествувала на многубројни **дебати, семинари и проекти**. Како позначајни се:

- Simulation International negotiations, „Cooperation in SEE-Free Trade Agreement“ (23-25.06.2006);
- International Summer University Macedonia, Course: International Humanitarian Law (10-28.07.2006);
- Introduction to International Humanitarian Law at Faculty of Law „Iustinian I“ – Skopje; (29.05.2007);
- International Summer University Macedonia Course Global Human Rights Instruments Grade: A (07-20.07.2008);
- Visa no way – виза нема шанси (декември 2008 година);
- Uniting for Peace in Vienna (21-24.09.2008);

- Трибина: Млади амбасадори и дипломатијата во Р. Македонија и Европа (25.02.2008);
- Дебата на тема „Закон за менацирање на конфискуван имот во македонија“ по повод FLARE кампања „Season of legality“ (25.04.2009);
- Организатор на дебата на тема: „За или против легализација на марихуаната“ (03-04.12.2010);
- Организатор и едукатор на дебата на тема: „Учество на младите во институциите во РМ“ ( 17.05.2011);
- Инструктор на Импровизирано судење 2005-2006 – Факултет за правни науки, ФОН Универзитет (11-14.06.2006);
- Секретар на проектот Македонија без дрога од 2007 година одобрен од Министерство за образование и наука на РМ;
- Импровизирано судење 2006-2007 (јуни 2007) во својство на инструктор на студентите од втора година на Факултетот за правни науки, ФОН Универзитет;
- Импровизирано судење 2008-2009 (декември 2008) како инструктор на студентите од втора година на Факултетот за правни науки и Факултетот за детективи и безбедност, и
- Носител, реализатор и организатор на проектот што резултураше со Практикум по казнено право со осврт на откривањето на казнени дела и стадиумите на казнената постапка, Објавено во Скопје, декември 2008 година, ФОН Универзитет.

Во однос на учеството на **меѓународни конференции и приложените стекнати сертификати** од нив, како и учество на семинари и обуки од областа според документацијата, се издвојуваат следните:

- Conference The Western Balkans on the road to European Community, Serbia, 2011;
- International Conference foe Academic Disciplines, International journal of art I Sciences, Conference at the American University of Rome, 2012;
- 67 meeting of lawyers, organized by the Association of Lawyers of the Republic of Macedonia, 2012;
- International conference, EUROREGIONS Integrating Societies - Generation Growth - Caring Resources, Struga, R. Macedonia;
- International Conference, Promoting Human rights recent developments, 2013;

- International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, ICONBEST 2013, Skopje, 2013;
- 69 meeting of lawyers, organized by the Association of Lawyers of the Republic of Macedonia, 2013;
- Еднодневно советување на тема „Мобингот според новиот Закон за заштита од вознемирување на работно место“, Здружение на правници на Република Мекедонија, 2013;
- Western Balkans after 2013 enlargement-Escape from the limbo? Panel 3- EU and Western Balkans – Regional Political and Security issues, Kopaonik, Serbia;
- The International Scientific Forum, ISF 2013, (12-14 December), Tirana, Albania;
- Конференција: „Екстерното тестирање на студентите: предизвиците и можностите“, Скопје, 2014;
- Семинар на тема: „Новиот Закон за кривична постапка и кривичната одговорност на правните лица“, Стопанска комора на Македонија, 02/2014;
- Criminal profiling, Course of study in criminal profiling, 02/2014;
- International scientific conference Criminalistic education, situation and perspectives – 20 years after Vodinelic, Skopje, R. Macedonia, 2014;
- Научно-стручен семинар „Безбедност за све“, Златибор, Србија, 2015 година;
- Сертификат за успешно реализиран курс по Criminology & Profiling, International open academy, јануари, 2017;
- Охридска школа на природното право: „Демократија и владеење на правото“, МАНУ, Охрид, 2017 година;
- International Summer School Sarajevo, 2017, Transitional Justice as a response to emerging challenges in South-East Europe. Association „Pravnik“ and Konrad Adenauer Stiftung, Sarajevo, Bosna and Herzegovina, 2017.

Како **позначајни активности во кои придонела со своите организациски способности** се следните:

- Носител, реализатор и организатор на проектот Импровизирано судење 2008-2009 (декември 2008), Факултет за правни науки, ФОН Универзитет; со финален производ: „Практикум по Казнено право со осврт на откривањето на казнени дела и стадиумите на казнената постапка“, објавено во Скопје, декември 2008 година, ФОН Универзитет;

- Носител и организатор на проектот Импровизирано судење 2009-2010 (јуни 2010), Факултет за правни науки, ФОН Универзитет;
- Носител и реализатор на проектот Импровизирано судење 2010-2011, Факултет за правни науки, ФОН Универзитет;
- Носител и реализатор на проектот Импровизирано судење 2011-2012, Факултет за правни науки, ФОН Универзитет;
- Реализатор на практична обука по предметот детективска тактика во природни услови (зимски), 2012 година
- Реализатор на практична обука по предметот детективска тактика во природни услови (летни), 2012 година
- Реализатор на практична обука по предметот детективска тактика во природни услови (зимски), 2013 година
- Реализатор на практична обука по предметот детективска тактика во природни услови (летни), 2013 година
- Реализатор на практична обука по предметот детективска тактика во природни услови (летни), 2014 година
- Заменик на раководител на научно-истражувачкиот проект од областа на казненото право и криминалистиката ( бр. 14-215/4 од 19.02.2014)
- Носител и реализатор на проектот Импровизирано судење 2014 година, Факултет за правни науки, ФОН Универзитет;
- Носител, реализатор и предавач на проектот Импровизирано судење 2015 година, Факултет за правни науки, ФОН Универзитет.
- Организатор и координатор на Массум во временски период 2020-2022 година;
- Организатор и координатор на Државна матура (проект за подготовка на матуранти) 2022 година.

Како објавени **меѓународни трудови трудови во временскиот период 2011-2018** се следните:

- Inherethic balance attainment in republic of Macedonia as a successful pattern for social and economic growth, Thematic collection XVIII science SCOOP, Technology, Culture and Development, Technology and Society Association Belgrade 2011/, coauthor;
- Analysis the negative factors which are restricting the social progress in the prism of cultural development, Thematic collection XVIII science SCOOP, Technology, Culture and Development, Technology and Society Association Belgrade 2011, coauthor;

- The eradication of drug trafficking in the EU through the countries of the western Balkans, Humanities and Social Sciences Review ISSN: 2165-6258 :: Volume 01 :: Number 04 (2012), Copyright © 2012 by UniversityPublications.net, coauthor;
- Coordinated security cooperation in the Western Balkans - condition for faster integration processes, coauthor, International Conference, EUROREGIONS Integrating Societies - Generation Growth - Caring Resources, Struga, R. Macedonia, 2013, http://ispn.org.mk/wp-content/uploads/2013/10/EUROREGIONS-abstract.pdf, coauthor;
- The status of organized crime in the process of globalization - special focus on drug trafficking, International Conference, Promoting Human rights recent developments, Skopje, R. Macedonia, 2013, http://eprints.ugd.edu.mk/10931/1/Zbornik%20na%20trudovi_MIT%20(1).pdf;
- Criminal law protection of the economic system of the Republic of Macedonia, International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, ICONBEST 2013, Скопје, Р. Македонија, 04-06.10.2013 година, coauthor;
- CORUPTION AND POLITICAL CONNECTIONS, VIZIONE 20/2013, The Association of Intelectuals “Democratic Club” – Shkup, coauthor;
- The role of the security system of the EU in the process of reconciliation in the Western Balkans, Academic conference „Western Balkans after 2013 enlargement-Escape from the limbo? Panel 3- EU and Western Balkans – Regional Political and Security issues, 31.10-03.11.2013, Kopaonik, Serbia, coauthor;
- USE VS. ABUSE OF SPECIAL INVESTIGATIVE MEASURES IN DETECTING SEVERE FORMS OF CRIME IN REPUBLIC OF MACEDONIA, The International Scientific Forum, ISF 2013, (12-14 December), Tirana, Albania;
- Заштитениот сведок во казненото законодавство на Република Македонија – научно списание „Хоризонти“, 2014 година (серија А – општествени и хуманистички науки);
- Analysis of criminal policy in the Republic of Macedonia on adoption of rules of penalties, International scientific conference Criminalistic education, situation and perspectives – 20 years after Vodinelic, Skopje, R. Macedonia, 2016, http://www.fb.uklo.edu.mk/fs?file=collectionyear/Vodinelic%20II%20del.pdf;
- Preventive-repressive system in the prevention of organized crime, Vizione, 26/2016, https://drive.google.com/file/d/0BxZD7QA_5LVLYkc1TVhBdEJFaGc/view;

- Анализа на примената на мерката притвор со осврт на јавното обвинителство во македонското казнено законодавство, Centrum 6/2016, http://www.centrum.mk/wp-content/uploads/2016/12/296-314.pdf;
- Analysis of reformed criminal procedure legislation, Vizione, 27/2017;
- The collaborator of justice in the Macedonian criminal legislation, Vizione, 28/2017;
- The protection of the witness as a risk for the rights of defense in the criminal procedure, International journal of rule of law, transitional justice and human rights, Year 8, Volume 8, ISSN 2232, https://www.academia.edu/35450263/INTERNATIONAL_JOURNAL_OF_RULE_OF_LAW_TRANSITIONAL_JUSTICE_AND_HUMAN_RIGHTS_Year_8_Volume_8;
- Procedural protection of witnesses in the criminal procedure in Republic of Macedonia, Vizione, 29/2018
- „Практикум од казнено-правната област со осврт на откривањето на казнените дела и стадиумите на казнената постапка", ФОН Универзитет, Скопје, 2011 година; и
- „Практикум од областа на казненото право и криминалистиката", Коста Абраш, Охрид, 2014.

Покрај објавувањето на меѓународните трудови, кандидатот д-р Тодоровска се јавува и како **автор на трудови кои ги презентирала на конференции во рамките на третиот циклус на студии и тоа**:

- „Казнено-правен статус на заштитени сведоци – компаративна анализа", научен труд, Школа за докторски студии, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Правен факултет „Јустинјан Први", октомври 2013;
- „Практични проблеми при примена на посебните истражни мерки", научен труд, Школа за докторски студии, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Правен факултет „Јустинјан Први", мај 2014;
- „Основни тенденции на реформите на казненото законодавство", научен труд, Школа за докторски студии, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Правен факултет „Јустинјан Први", април 2013;

Од она што е приложено во прилог на документацијата, значајно е да се истакнат неколку **пофалници** кои и биле доделени:

- Пофалница за покажан највисок успех (10,00) од генерација 2005/2006 година на Факултетот за правни науки, (02.10.2006 година);
- Уверение од Претседател на Управен одбор, м-р Фијат Цаноски за најдобар студент од генерација 2007/2008 година, на Факултетот за правни науки (02.10.2008 година);
- Уверение за првенец на генерација на Факултетот за правни науки, ФОН Универзитет (27.05.2009 година);
- Првенец на генерација на Факултетот за правни науки, втор циклус на студии 2009/2010 година, со просек 10,00 (28.03.2012);
- Сертификат за успешно реализиран проект „Фабрика на знаење" помеѓу Фабрика „Карпош" АД Скопје и Универзитет ФОН во академската 2012/2013 година;
- Благодарница за придонес во развојот на единицата при Министерството за внатрешни работи, АЛФА, 2013;
- Благодарница за особен придонес во реализција на научно-истражувачки проект од областа на казненото право и криминалистиката, 2014 година и
- Благодарница за посебен придонес во ребрендирање на Универзална сала како дел од проектот „Фабрика на знаење" во организација на ФОН Универзитетот, 2014 година.

Пријавениот кандидат има доставено **потврда за позитивна оценка од самоевалуација од Факултетот за правни и политички науки при Американскиот универзитет на Европа Фон.**

Кандидатот приложува документација од која се гледа дека завршила курс по компјутери (Microsoft Office) и **активно го владее англискиот јазик (Cambridge English Level 1 Certificate in ESOL International, Pass with distinction, Level B2**) како и основно познавање на албанскиот јазик.

Д-р Наташа Тодоровска во 2015 година **положила и правосуден испит.**

II

# ЗАКЛУЧОК

Од изнесените податоци за кандидатот д-р Наташа Тодоровска, Комисијата заклучи дека кандидатот **ги исполнува условите предвидени во Законот за високо образование**. Д-р Наташа Тодоровска со својата досегашна посветеност на образованието и науката, покажа дека станува збор за квалитетна, трудољубива и одговорна личност која покажува интерес за сопствено надоградување и усовршување, а во име на придонес во образовниот процес. Кандидатката поседува одлични способности за тимска работа, како и комуникациски, креативни и аналитички квалитети. Кандидатката д-р Тодоровска дава особен придонес во **научно-истражувачкиот процес и наставно-образовниот процес преку целокупниот свој ангажман**. Континуиранато вложување во сопственото образование и надоградување го покажува преку континуиран процес на надградување и постигнување на научно-истражувачки резултати. Истото се потврдува со **просечната оценка на завршениот прв циклус на студии 10.00, просечната оценка на завршениот втор циклус на студии 10.00 и со завршениот трет циклус на студии со просечна оценка 9.77** во област во која се надоградува од самиот почеток на нејзиниот ангажман во високото образование кој исто така го завршува со успех и одбрана на докторска дисертација со што се стекнува со **научен степен доктор на правни науки од областа на казненото право**. Кандидатката бележи долгогодишен успешен ангажман во наставно-образовниот процес од областа на казненото и казненопроцесното право. Со оглед на тоа дека досега кандидатката имала избор во соработничко звање асистент од областа на казненото право во два наврати, а претходно избор во помлад асистент од областа на правните дисциплини, како и изборот во демонстратор по предметот казнено право, а особено нејзиниот последен избор во Доцент од областа на Кривично процесно право ни дава за право да заклучиме дека успешно и постепено се надоградува во академската заедница покажувајќи се како исклучително вредна, посветена и одговорна како наставник, која со успех ги извршува сите обврски и професионални задачи.

Како ментор на дипломски, специјалистички и магистерски трудови, д-р Тодоровска ја докажува посветеноста во науката и подготвеноста знаењата да им ги пренесе на помладите генерации.

За квалитетот и способноста во изведувањето на наставната дејност на д-р Тодоровска, потврда се и високите оцени што секоја година ги добива од страна на

студентите во рамките на постапката за самоевалуација. Со оглед на вложениот труд за промоција првенствено на Факултетот за правни и политички науки и Факултетот за детективи и безбедност, како и на целиот Универзитет воопшто, активностите посветени на студентите, како во, така и надвор од наставно-образовниот процес, кандидатката д-р Тодоровска несебично вложува и во својот научно-истражувачки прогрес. Кандидатот е автор и коавтор на универзитетски учебници за прв и втор циклус студии и има објавено голем број на трудови во релевантни домашни и меѓународни списанија и публикации, а како потврда за тоа служат објавените 11 (единаесет) **меѓународни научни трудови во меѓународни списанија во смисла на ЗВО**, 6 (шест) **меѓународни трудови во научни публикации**, 5 (пет) **меѓународни трудови во научно списание со импакт фактор од областа во последните пет години, 2** (два) учебника и тоа еден по Кривично процено право и еден по Судско право и 1 (едно) **учебно помагало со наслов Доказни средства – криминалистички и кривичнопроцесни аспекти,** како и **сертификати за учество на меѓународни конференции**.

## III
## ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, во согласност со распишаниот конкурс, а во врска со условите за избор предвидени во Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа Фон, како и областа предвидена во Фраскатиевата класификација на научните подрачја, полиња и области, Рецезентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-науниот совет на Факултетот за правни и политички науки во состав на Американскиот универзитет на Европа Фон, **да ја избере кандидатката д-р Наташа Тодоровска во звање Вонреден професор од областа на** Кривично процесно право (51605) и Друго (Правосуден систем и судско право) 50835.

**Рецензентска комисија:**

1. Академик проф. Владо Камбовски – претседател на комисија

________________________________

2. Проф. д-р Гордана Лажетиќ – член

________________________________

3. Проф. д-р Стефан Буџакоски – член

________________________________

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТИТЕ НА КРИМИНАЛИСТИЧКА ТЕОРИЈА И КРИМИНАЛИСТИЧКА МЕТОДИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И БЕЗБЕДНОСТ НА АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА-ФОН**

Со одлука бр. 17-2160/3 од 26.12.2022 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Методија Ангелески- претседател
2. професор д-р Насер Етеми-член
3. професор д-р Татијана Аšталкоска-Балоска-член

По разгледување на поднесената документација која беше доставена, Рецензентската комисија формирана од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност, го поднесува следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот објавен во дневниот весник ,,Нова Македонија" на 01.12.2022 година за избор на наставници, распишан од Универзитетот ФОН, гласи еден наставник од областите Криминалистичка теорија и Криминалистичка методика, се пријави само еден кандидат и тоа:

**1. д-р САМИР САЛИЕВСКИ**

Врз основа на доставента документација и анализа на истата го констатираме следното:

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Доц. д-р. Самир Салиевски

e-mail: samir.salievski@.fon.edu.mk

Вид на образование, насока на завршено образование:

- Завршува основно образование во о.у. "Григор Прличев"–Охрид во 1998 год.

- Завршува средно образование во У.С.О. "Св. Климент Охридски"-Охрид во 2002 год.

- Дипломира на Правниот факултет "Јустинијан Први" при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје во 2006 година;

- Магистрира на Факултетот за правни науки при "Прв приватен ФОН-Универзитет"–Скопје на ден 07.07.2010 година на тема "Заедничка казнена политика во законодавствата на државите членки на ЕУ и заедничка соработка во борбата против меѓународниот тероризам", под менторство на проф. д-р Стојмен Михајловски;

- Јавно го одбрани трудот на докторската дисертација на тема "Доказна вредност на увидот во казнената постапка" на ден 14.09.2017 година на Правниот Факултет "Јустинијан Први" при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје под менторство на проф. д-р Гордана Бужаровска-Лажетиќ.

Работно искуство:

• Од 18. 10. 2006. година е ангажирана како демонстратор на Факултетот за правни науки при Фон Универзитетот на изведување на вежби по предметите Социологија на право, Уставно право, Финансово право, Административно право, Вовед во криминалистика, Криминалистичка техника, Криминологија .

• Со одлука на наставо-научниот совет на Факултетот за правни науки при Фон Универзитетот во јуни 2007 година е избран како помлад асистент во областа на уставното право, и од тогаш е во редовен работен однос на Универзитетот.

• Со одлука на наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Фон Универзитетот во 2011 година е избран во соработничко звање асистент од областа на правните дисциплини. Изведува вежби по предметите Социологија на право, Уставно право, Граѓанско право, Стварно право, Административно право, Семејно и наследно право, Облигационо право, Организиран криминал, Вовед во криминалистика, Криминологија, Малолетничка деликвенција, Социјална патологија, Криминалистичка техника и по други предмети од наставните програми на Факултет за правни науки и Факултетот за детективи и безбедност при Универзитетот.

• За време на ангажманот на Факултетот за правни науки при Фон Универзитетот во периодот од 2008 до 2016 година е и професор во Приватното средно училиште “5-та приватна гимназија” каде со успех ги предава предметите: Социологија, Конституционо уредување, Основи на право Право, Граѓанско образование. Исто така е вклучена во мноштвото проекти на ниво на Универзитетот.

• Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност во рамките на ФОН Универзитет на седница одржана на 22.05.2018 год. едногласно е избран во наставно звање Доцент од областа на казнено-процесно право и криминалистика.

• Активно се служи со англискиот и српскиот јазик, а има познавања и од германскиот јазик. Одлично се служи со оперативните програми од Microsoft Office апликативниот пакет. Досега посетувал и обуки за пишување на правни документи.

**Учество на меѓународни научни конференции, собири и семинари меѓу кои:**

- XIII th International conference “The teacher of the future” 26-28 May 2017 Budva, Montenegro;

- Четврта меѓународна научна конференција “Општествените промени во глобалниот свет”, Универзитет “Гоце Делчев”-Штип 06-07 Септември 2017

- XIV th International conference “The power of knowledge” 29.09.-01.10. 2017, Agia Triada, Thessaloniki, Greece

- International Conference "A Comprehensive Approach in Countering Transnational Terrorism: Global Terrorism Challenges and Responses" 03.12.2021; American University of Europe FON – Skopje

**Автор/коавтор на следниве научни и стручни трудови објавени во земјава и во странство:**

- Temelko Risteski, Samir Salievski, Tanja Popova, Vesna Sijic, Special administrative procedures for the protection of the right to fridom of expression, XIII th International conference “The teacher of the future” 26-28 May 2017 Budva, Montenegro;

- Samir Salievski, International cooperation in the fight against terrorism, Visions-international social sciences magazine, number 28, 25 July 2017;

